РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-2003/2

24-11-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на прво продолжение на 55-тата седница, одржано на ден 17.11.2021 година, донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-5813/1 од 30.12.2019 година доставена од познат подносител СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија нема доволно елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси во предметот со бр.09-5813/1 од 30.12.2019 согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-5813/1 од 30.12.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на пријава од познат подносител оформен е предмет број 09-5813/1 од 30.12.2019 година за влијание врз вработување. Понатаму во пријавата е наведено роднинска поврзаност меѓу Основниот јавен обвинител ______ со Градоначалникот од општина ______ ________ и вработувањето на нејзината снаа од син во Гимназијата ______ Во ______.

Поради фактот што во пријавата немаше доволно елементи за кое лице станува збор (име и презиме) и работната позиција за истото и се обрати до подносителот на пријавата и побара допрецизирање на истата.

Подносителот на пријавата не достави одговор по наведените прашања, односоно не ја допрецизира пријавата, по што Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Е.М – советник
Одобрил: Горан Трпеноски, Член на ДКСК